Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 0/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година.

Бр. 09-6270/35
26.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 15 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 0/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
# за 2020 година

## Вовед

Во рамките на Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина, Одделението за комунални работи и заштита на животната средина ја подготвува и ја спроведува Програмата за заштита на животната средина и природата.
Определба на Општина Центар-Скопје е подобра животна средина за сите граѓани, како и подобри услови за живот во сите урбани заедници, во согласност со принципите на одржливост.

**Програмата Р** - заштита на животната средина и природата опфаќа спроведување на проекти и активности за подигнување на јавната свест за потребата од здрава и чиста животна средина, како и практични мерки и активности, во соработка со здруженија на граѓани, институции и фондации.

## I. Цели на Програмата

Со Програмата за заштита на животната средина, Општината овозможува спроведување на еколошката политика во согласност со европските стандарди и се залага за:

- Почитување на законите и на регулативите што се однесуваат на заштитата на животната средина, заштедата на природните ресурси, намалувањето на отпадот, подобрувањето на квалитетот на воздухот, заштедата на водата за пиење и заштитата на биодиверзитетот.
- Пристап до информации за заштита на животната средина, како и граѓанско учество во процесот на одлучување за прашања од областа заштита на животната средина,
- Размена на информации со различни засегнати страни и вклучување во проекти и активности за заштита на животната средина.
- Едукација на младите за теми од областа заштита на животната средина и одрживиот развој.

## II. Програмски активности

### Програма за енергетска ефикасност

Во согласност со Законот за енергетска ефикасност и со Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Северна Македонија и акциониот план за енергетска

ефикасност, Советот на предлог на Градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика донесува Програма за енергетска ефикасност што се однесува на период од три години.

Програмата содржи приказ и оцена на состојбите и на потребите за енергија, индикативни цели за заштеда на енергија на локално ниво, мерки за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и целите што треба да се постигнат со тие мерки, извори на финансирање на вложувањата што се потребни за спроведување на мерките, активностите и рокови за спроведување на мерките, носители на активностите и други потребни податоци.

### Примена на Архуската конвенција - Овозможување пристап до информации за животната средина и учество во процес на одлучување за прашања од областа на животната средина

Општината спроведува примена на Архуската конвенција на локално ниво преку овозможување пристап до информации за животната средина, состојбите со загадувањето, мерките за заштита и планираните проекти за ремедијација на земјиштето. За сите прашања од областа на заштитата на животната средина, Општината има обврска да овозможи учество на граѓаните во процесот на одлучување, преку реализирање на барањата од граѓаните, дискусии околу нивните предлози и иницијативи и вклучување во годишната програма за работа.
Планирани се активности во урбаните заедници: средби со граѓаните, анкетирање на јавното мислење и форуми за дискусија.

### Образование и едукација за животната средина и одржливиот развој

Во рамките на проектите со здруженија на граѓани за заштита на животната средина, планирани се серија едукативни работилници за различни теми: управување со отпадот, заштита на воздухот и водата, почвата и биодиверзитетот, како и воведување здрави навики во исхраната и секојдневниот живот, наменети за основните училишта и детските градинки, како и со урбаните заедници.
Одделението учествува во активности за одбележување на еколошките празници: Денови на пролетта во март, 22 април - Ден на планетата Земја, 5 јуни - Светски ден на животната средина, како и активности на екоодбори.

### Стимулирање на здрави навики

### Цел Центар на точак!

Во согласност со предвидениот буџет, во текот на 2020 година е планирано продолжување на проектот што успешно се спроведе во текот на минатите шест години, со кој беа исплатени субвенции за купен нов велосипед. Проектот „Цел Центар на точак“ има цел на жителите на Општината да им се дадат субвенции за купен велосипед, во вредност од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари.
Отворена е координативна канцеларија за проектот и подготвена е База на податоци за евидентирање на барањата од граѓаните за субвенција. Во рамките на проектот, во текот на 2020 година, планирани се серија активности:

- медиумски настани за промоција на проектот и на активностите,
- печатење промотивен материјал и
- одржување настани и манифестации за стимулирање на велосипедизмот како здрава навика за превоз.

### Е-велосипед и Е-тротинет

Со цел да се подобрат условите за користење на алтернативни превозни средства и имајќи ја предвид сè поголемата популарност на користењето на електрични велосипеди и електрични тротинети, Општина Центар-Скопје, во согласност со предвидениот Буџет за 2020 година, започнува со нов проект за субвенција за купување нови електрични велосипеди и нови електрични тротинети за жителите на Општина Центар-Скопје. Проектот има цел да се субвенционираат купените нови е-велосипеди и е-тротинети во вредност од 30% од сумата за платени е-велосипеди и е-тротинети, но најмногу до 3.000,00 денари.

Во рамките на проектот, во текот на 2020 година, планирани се серија активности:

- одбележување на Европската недела на мобилност,
- медиумски настани за промоција на проектот и на активностите,
- печатење промотивен материјал и
- одржување настани и манифестации за стимулирање на велосипедизмот како здрава навика за превоз.

### Комунални екопатроли

Целта на проектот е остварување на подобар комунален ред во Општина Центар-Скопје со формирање комунални екопатроли, како зајакнување на активностите на постојните комунални редари во Општината.
Екопатролите, составени од групи граѓани и претставници на здруженија на граѓани, како поддршка на комуналните редари, вработени во Секторот за инспекциски работи во Општината, ќе бидат задолжени да ги бележат сите нарушувања на комуналниот ред во Општината, според дефинираните надлежности за комунални дејности на Општината и тоа уредно да го евидентираат во претходно подготвен формулар. Потоа формуларот му се предава на одговорното лице за отстранување на прекршокот. Дополнително, за поголема транспарентност, јавно ќе биде презентиран (на веб-страницата на Општината) сумарен извештај од месечното работење, пријавите со локации и решените проблеми.
Проектот опфаќа теренски активности, евиденција на комуналните проблеми и санкционирање на прекршителите, граѓанско учество во решавањето на комуналните проблеми, со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

### Соработка со институции и организации

Редовна соработка со Секторот за комунални работи и Секторот за животна средина на Град Скопје, како и со ЗЕЛС и со Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување заеднички проекти и теренски активности.
Проекти и активности со Град Скопје и со другите општини од градот за спроведување мерки за намалување на загадувањето на воздухот, отпадот и бучавата.
Редовна соработка со ЈП „Комунална хигиена" и ЈП „Паркови и зеленило" за реализирање на тековните активности за собирање отпад, кастрење и сечење на дрвјата и на гранките, косење и поправка на хидрантската мрежа за полевање на јавните зелени површини.

Соработка со ЈП „Водовод и канализација" околу поставувањето и реконструкцијата на системите за полевање и бунарските системи на различни локации, подготовка на документација, теренски посети и др.
Планирана е соработка со здруженија на граѓани за реализирање на партнерски проекти, меѓународни организации и фондации.

**Мониторинг на бучавата што се емитува од угостителските објекти на територијата на Општина Центар-Скопје**

Општина Центар-Скопје во состав на заложбата на зачувување на животната средина изготви и усвои ЛЕАП за Општина Центар-Скопје (2019-2025) и план за спроведување на ЛЕАП и мониторинг план.
За идентификација на најприоритетните клучни предизвици што беа опфатени во рамките на ЛЕАП за Општина Центар-Скопје (2019-2025), беа предложени мерки и акции, активности за нивно надминување опфатени во акционен план.
Бучавата, како еден од приоритетните клучни предизвици за Општина Центар-Скопје, покрај мониторингот на бучавата што се емитува од угостителските објекти на територијата на Општина Центар-Скопје, има потреба од набавка на мобилни уреди за мерење на бучава и нивно поставување на локации каде што се евидентирани најчести надминувања на дозволените гранични вредности (особено изразено во реоните на домување).

**Примена на аеросолен метод за подобрување на квалитетот на воздух**

Следејќи ја Националната законската регулатива, како и Европската регулатива за квалитет на воздухот, една од краткорочните мерки за намалување на загадувањето на воздухот е примената на аеросолен метод. Со примената на методот се добива намалување на загадувањето од 30% до 70% (во зависност од висината на загадувањето во денот). Методот ќе се применува и во зимски период (за намалување на ПМ-загаденоста) и во летниот (за намалување на приземниот ОЗОН (О3). Овој метод беше применет во Општина Куманово и во Општина Аеродром.
Примената на аеросолниот метод е најлесен, најефикасен и најевтин начин да се намали загадувањето.
Анализирајќи го градот Куманово, методот може успешно да се реализира на сите улици што имаат премин со ширина до 3 метри, а се врши со тракторски турбоатомизер со зафатнина на резервоарот од 1000 л, 1500 л или 2000 л влечен од трактор со влечна моќ од 40 до 50 киловати. Апликацијата се врши со употреба на чиста вода во која се додаваат различни засладувачи.
Апликацијата се спроведува со млаз од ситни капки на околу 12 м лево-десно и во висина со ситни капки од 50 до 1000 микрометри и околу 100 до 500 капки на $см^2$.
На овој начин се зафаќаат сите нечистотии во воздухот и потоа гравитационо паѓаат на подлогата.
За да не се кренат повторно во воздухот, во водата се ставаат различни засладувачи (прехранбени) во мали дози.
Движењето на тракторот со турбоатомизетор е со работна брзина од 7 до 8 км/ч.
Методот е предложен од професори на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и од Факултетот за земјоделски науки и храна.

**Учество на семинари, настани и конференции**

Планирано е учество на семинари, работилници и конференции за животна средина и одржлив развој, во земјава и во странство, во организација на ЗЕЛС, Министерството за животна средина, Центарот за Скопски плански регион, меѓународни организации и фондации, со цел едукација и соработка на партнерски проекти.

**СЕА (Стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина)**

Во согласност со Законот за животна средина, за стратегиите, плановите и за програмите донесени од Општината треба да се спроведе Стратегиска оцена на влијанијата што тие стратегии, планови и програми ги имаат врз животната средина.

Одлуката за спроведување или за неспроведување на Стратегиската оцена на влијанијата ја донесува Градоначалникот на Општината.

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

| Р | | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | | **Заштита на животната средина и природата** | **Основен буџет 11.466.701,00 Донации 18.000.000,00 Вкупно 29.466.701,00** |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **4.500.000,00** |
| | | **Расходи за преземање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина** | |
| | | Примена на аеросолен метод | 2020 |
| | | Примена на Архуска конвенција | 2020 |
| | | Проект за селекција на отпад, кампања и практична селекција на хартија, пластика, електричен и електронски отпад | 2020 |
| | | Едукација за одржлив развој | 2020 |
| | | Организирање настани и манифестации по повод одбележување на еколошки празници со основните училишта (Ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Светски ден на екологијата, Европска недела на мобилност) | 2020 |
| | | Комунални екопатроли | 2020 |
| | | Присуство на семинари, меѓународни конференции | 2020 |
| | | Стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина | 2020 |
| | | Расчистување на диви депонии, депонии од шут и чистење канали | 2020 |

| | | |
|---|---|---|
| **464990** | **Други трансфери** | **600.000,00** |
| | Субвенционирање на велосипеди<br>Проект „Цел Центар на точак" | 2020 |
| | Субвенции за е-велосипеди и<br>е-тротинети | 2020 |
| **480160** | **Купување опрема за греење и климатизација** | **2.400.172,00** |
| **480190** | **Купување друга опрема** | **1.000.000,00** |
| - | Набавка на мобилни уреди за мерење на бучава | 2020 |
| | **Планирано од донации** | **Донации<br>18.000.000,00** |
| - | Набавка на пластикомати на локации на територија на Општина Центар-Скопјр | 15.000.000,00 |
| - | Набавка на паркомати на локации на територија на Општина Центар-Скопје | 3.000.000,00 |
| **481220** | **Набавка или нова изградба на деловни објекти** | **1.600.000,00** |
| **482920** | **Изградба на други објекти** | **1.366.529,00** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Прегледот на потребните финансиски средства за реализација на Програмата се составен дел на оваа Програма.

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6270/34
26.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева-Андреевска